Јавно претпријатие за заловување и третман на бездомни кучиња
**СТАЦИОНАР – ЛАНА** Струмица
Ул. ДИМИТАР ГАЛЕВ БР.1 Б СТРУМИЦА
E-mail: info@lana.mk
Тел: 070- 275-615
www.lana.mk

Јавно претпријатие за заловување и третман
на бездомни кучиња СТАЦИОНАР-ЛАНА
Бр. 05-592/2
11.12 20 23 год.
Струмица

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА ЈПЗБК СТАЦИОНАР ЛАНА СТРУМИЦА – СТРУМИЦА ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2023 ДО 30.09.2023 год




Струмица, Октомври 2023

ЈПЗБК Стационар –Лана Струмица е Јавно претпријатие основано од Советот на општина Струмица со цел на систематски начин да се реши долггодишниот проблемот со бездомните кучиња на територијата на општина Струмица.
ЈПЗБК Стационар Лана Струмица има својство на правно лице со права и обврски и одговорности урврдени со Закон, Статут на претпријатието и актите за организирање на Јавното претпријатие. Во правниот промет со трети лица настапува во свое име и на своја сметка и за обврските одговара со цела одговорност.
Целосниот назив гласи :Јавно претпријатие за заловување и третман на бездомни кучиња СТАЦИОНАР -ЛАНА Струмица
Кратко име: ЈПЗБК СТАЦИОНАР -ЛАНА Струмица
Матичен број : 7569769
Даночен број: 4027022535358
Адреса : Димитар Галев бр.1Б Струмица
Големина на друштвото: микро
Организациионен облик : 03.9- други јавни претпријатија
Шифра на дејност:01.49 – одгледување на други животни
Основниот влог на Општина Струмица како основач на ЈПЗБК СТАЦИОНАР – ЛАНА Струмица е уплатен на жиро сметката во износ од 4.500.000,оо денари, и е виднтиран на конто 9005 -основна главнина на јавно трговско друштво.
Со одлука бр.05-356/1 од 05.06.2023 Општина Струмица како основач на ЈПЗБК СТАЦИОНАР -ЛАНА Струмица ја зголеми основната главнина на јавното трговско друштво за износ од 350.000,оо денари и истиот износ е уплатен на жиро сметката во износ од 350.000,оо денари, и е виднтиран на конто 9005 -основна главнина на јавно трговско друштво, пришто со ова зголемување вкупниот износ на основна главнина на ЈПЗБК Стационар ЛАНА – Струмица изнесува 4.850.000,оо денари.

ЈПЗБК Стационар-Лана Струмица ги врши следниве работи:

- Преземање на соодветни мерки се со цел ефикасна заштита на бездомните кучиња на територијата на општина Струмица;

- редовно хранење, напојување и лекување на кучињата,доколку е потребно;

- вршење контрола на популацијата на бездомни кучиња во општина Струмица;

- привремено сместување на заловените кучиња во прифатилиштето и доколку е потребно кастрирање стерилизирање, лекување, здравствена заштита, тест за леишманија, тест за социјализација и други дејствија, согласно прописите од областа на ветеринарното здравство, по што истите треба да се вдомат или да се вратат во областа од каде биле заловени;

- одбележување на бездомните кучиња со микрочип за идентификација;

-евиденција со соодветна документација за сите заловени, третирани и вратени/вдомени бездомни кучиња.

- изготвување на повеќегодишен план и програма врз основа на кој ќе се врши истата, а кој ќе биде доставен до Агенцијата за храна и ветеринарство на одобрување.

Органи на претпријатието се

- Управен одбор кој брои 5 члена (1 -претседател + 4 членови) избрани од основачот на претпријатието т.е Советот на општина Струмица
- Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење, избрани од основачот на претпријатието т.е Советот на општина Струмица кој брои 5 члена (1 -претседател + 4 членови)
- Директор

Врз основа на надлежностите утврдени со Закон, Одлуката за основање на претпријатието и Статутот на претпријатието, а заради успешно и ефикасно извршување на работите, хиерархиската поставеност се утврдуваат следните нивоа:

- Директор

- Сектори и одделенија.

Заради обезбедување на меѓусебно поврзаните области и функции во надлежност на ЈПЗБК Стационар-Лана Струмица, со цел за поефективна и поефикасна организација, координација и соработка во ЈПЗБКСтационар-Лана Струмицасе формираат следниве сектори со одделенија:

**1.Сектор за административни работи и човечки ресурси**

- одделение за административни работи

- одделение за управување со човечки ресурси

**2.Сектор за благосостојба на бездомни кучиња**

- одделение за заловување и транспорт на бездомни кучиња

- одделение за медицински третман на бездомни кучиња и

- одделение за згрижување и вдомување на бездомни кучиња

Претпријатието го застапува и претставува директорот на претпријатието

Во периодот од 01.02.2023 до 30.09.2023, на територијата на општина Струмица има заловено
вкупно 454 бездомни кучиња.
Сите бездомни кучиња кои се заловени до 01.09.2023 се вратени на реон или вдомени.

1. **Број на заловени бездомни кучиња на пооделно по месеци**

- Во месец февруари заловени 77 бездомни кучиња од кои вдомени 6 кучиња
- Во месец март заловени 68 бездомни кучиња од кои вдомени 11 кучиња
- Во месец април заловени 36 бездомни кучиња од кои вдомени 5 кучиња
- Во месец мај заловени 68 бездомни кучиња од кои вдомени 9 кучиња
- Во месец јуни заловени 55 бездомни кучиња од кои вдомени 10 кучиња
- Во месец јули заловени 36 бездомни кучиња од кои вдомени 3 кучиња
- Во месец август заловени 70 бездомни кучиња од кои вдомени 9 кучиња
- Во месец септември заловени 44 бездомни кучиња од кои 1 вдомено куче

Од погоре вкупно заловни на територијата на општина Струмица, во овој период 454 бездомни кучиња вкупно вдомени 54 кучиња)

**2. Интензитето на вдомувањата пооделно по месеци е**

- Февруари / вдомувања
- Март - 5 вдомувања
- Април - 7 вдомувања
- Мај - 10 вдомувања
- Јуни - 15 вдомувања
- Јули - 4 вдомувања
- Август - 3 вдомувања
- Септември - 10 вдомувања

Вкупниот број на заловени кучиња од страна на ЈПЗБК Стационар Лана Струмица на територијата на Општина Струмица 454 бездомни кучиња, Општина Велес – 42 бездомни кучиња и Општина Гевгелија 15 бездомни кучиња или ВКУПНО: 511 бездомни кучиња заклучно со 30.09.2023 год.

Вкупно стерилизирани/кастрирани (третирани кучиња) 450 бездомни кучиња
Вкупен број на вдомени кучиња од страна на ЈПЗБК Стационар Лана Струмица е 62 бездомни кучиња
Вкупен број на евтанизирани кучиња е 52 бездомни кучиња

Во периодот 01.01.2023 год. -30.09.2023 год. ЈПЗБК СТАЦИОНАР -ЛАНА Струмица ги оствари следните финансиски резултати:

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА
ЈПЗБК СТАЦИОНАР - ЛАНА СТРУМИЦА
за период 01.01.2023-30.09.2023 година

| | Опис | во денари | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| | 1. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО | | |
| 1.1 | Приход од капитални субвенции од Општина Струмица | 5.315.000,оо ден. | |
| 1.2 | Приходи од основна дејност-заловување бездомни кучиња | 216.920,оо ден. | |
| | **Вкупно Приходи** | | **5.531.920,оо ден.** |
| | 2. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО | | |
| | 2.1 Материјални трошоци | | |
| 2.1.1 | Трошоци за набавка на основни средства – дувалка за заловување на кучиња, компјутер и читач на микрочипови | 131.018,оо ден. | |
| 2.1.2 | Потрошен материјал за тековно одржување ( песок, сунгер) | 7.440,оо ден. | |
| 2.1.3 | Канцелариски материјали | 58.406,оо ден. | |
| 2.1.4 | Материјали за чистење и одржување | 44.193,оо ден. | |
| 2.1.5 | Потрошено гориво за возила | 127.965,оо ден. | |
| 2.1.6 | Потрошени рзервни делови за возила | 5.500,оо ден. | |
| 2.1.7 | Трошоци за униформи и др. работни одела | 13.450,оо ден. | |
| 2.1.8 | Трошоци за ситен инвентар ( рајбери, лопати, џогери, крпи, бои лакови) | 46.172,оо ден. | |
| 2.1.9 | Трошоци за ПТТ услуги ( телефон и интернет услуги) | 44.366,оо ден. | |
| 2.1.10 | Трошоци за останати услуги( огласи за јавни набавки и вработувања) | 28.088,оо ден. | |
| 2.1.11 | Трошоци за хируршка сала- конци, епрувети, имунофлуоресценција, шприцеви,игли,завој, инфузии, лекови, вакцини | 355.913,оо ден. | |
| 2.1.12 | Трошоци за храна за | 563.665,оо ден. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | кучиња ,чипови,маркици, пасоши и баркодови | | |
| 2.1.13 | Трошоци за елаборати за безбедност при работа и месечна услуга | 46.020,оо ден. | |
| 2.1.14 | Трошоци за комунални услуги-отстранување медицински отпад | 36.774,оо ден. | |
| 2.1.15 | Услуги за здравствени прегледи | 9.600,оо ден. | |
| | Вкупно материјални трошоци | | **1.518.570,оо ден.** |
| | 2.2 Нематеријални трошоци | | |
| 2.2.1 | Трошоци за административни такси ( барања и завршна сметка 2022) | 3.800,оо ден. | |
| 2.2.2 | Трошоци за банкарска провизија | 21.476,оо ден. | |
| 2.2.3 | Трошоци за сертификати -(токени , јавни набавки) | 0,оо ден. | |
| 2.2.4 | Трошоци за одобренија ( дејност, заловување, елаборати) | 0,оо ден. | |
| 2.2.5 | Трошоци за репрезентација | 28.400,оо ден. | |
| 2.2.6 | Трошоци за надомест на членови на УО и НО | 153.332,оо ден. | |
| 2.2.7 | Трошоци за договори за повремени услуги – договор на дело | 195.730,оо ден. | |
| 2.2.8 | Сметководствни услуги | 80.000,оо ден. | |
| 2.2.9 | Консалтинг услуги за елаборати и одобрнија | 0,оо ден. | |
| 2.2.10 | Адвокатски услуги | 116.112,оо ден. | |
| 2.2.11 | Надомест на штета - каснување од куче | 22.615,оо ден. | |
| | Вкупно нематеријални трошоци | | **621.465,оо ден.** |
| | 2.3 Трошоци за вработени | | |
| 2.3.1 | Трошоци за бруто плата на вработени | 4.309.357,оо ден. | |
| 2.3.2 | Трошоци за обука на вработени лица во прифатилишт на бздомни животни | 0,оо ден. | |
| 2.3.3 | Патни трошоци и патарини | 26.474,оо ден. | |
| 2.3.4 | Привремени вработувања - РЕАЛНОСТ-06 | 713.994,оо ден. | |
| | Вкупно бруто плата и трошоци за вработни | | **5.049.825,оо ден.** |
| 2.4 | Трошоци за амортизација | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.4.1 | Амортизација на транспортни средства | 360.788,оо ден. | |
| | Вкупна амортизација | | **360.788,оо ден.** |
| | **Вкупно Расходи** | | **7.550.648,оо ден.** |

Вкупните приходи на ЈПЗБК СТАЦИОНАР -ЛАНА Струмица за период 01.01.2023 -30.09.2023 се во вредност од **5.531.920,оо денари.**

Во вкупните расходи за период 01.01.2023 -30.09.2023 влегуваа материјалните трошоци, нематеријалните трошоци, бруто плати на вработените и надоместоци од работен однос и амортизацијата и нивниот вкупен износ е **7.550.648,оо денари** или поединечно:

1. Материјални трошоци - **1.518.570,оо ден.**
2. Нематеријални трошоци - **621.465,оо ден.**
3.Трошоци за бруто плати и трошоци за вработни - **5.049.825,оо ден.**
4.Амортизација на материјални средства - **360.788,оо ден.**

Струмица 16.10.2023 год.

ЈПЗБК СТАЦИОНАР -ЛАНА
Струмица

овластен сметководител
Виолета Ѓ. Христова

ВД Директор
С[illegible]ана Стојкова